УРП.бр. 83/.2025.

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Рамије Цара - претседател на советот, Марта Телегравчиска и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар - судски советник Добрила Бришкоска Арсова, решавајќи по тужбата на тужителот Политичка партија „Левица“ од С., поднесена преку полномошник адвокат Катерина Јовановска од С., за поништување на Упатство за радиодифузерите за локалните избори 2025 година под бр.01-4137/1 од 26.09.2025 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – С., на нејавна седница на советот одржана на 06.10.2025 година донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

I

Тужбата на тужителот Политичка партија „Левица“ од С., за поништување на Упатство за радиодифузерите за локалните избори 2025 година под бр.01-4137/1 од 26.09.2025 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – С., СЕ ОТФРЛА.

II

Барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Политичка партија „Левица“ од С., застапуван од полномошник Катерина Јовановска адвокат од С., на 03.10.2025 година, во 13 часот и 39 минути, до Управниот суд поднесе тужба со која побара да се поништи Упатството за радиодифузерите за локалните избори 2025 година, бр.01-4137/1 од 26.09.2025 година, донесено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во С.. Истата ја спори поради погрешна примена на материјалното право и постоење на причини поради кои управниот акт може да се прогласи за ништовен, со предлог побиваното Упатство Судот да го огласи за ништовно во целост или алтернативно, тужбата на тужителот да ја усвои, побиваното Упатство да го поништи во целост и да го задолжи тужениот да донесе ново законско упатство, каде во распределбата на средствата и минутажата за платено политичко рекламирање ќе бидат опфатени и политичките партии кои освоиле доволен број на пратеници за да формираат пратеничка група и да го задолжи тужениот со надомест на трошоци на постапката.

Тужениот орган, во одговор на тужбата ги оцени како неосновани наводите на тужителот, од причина што актот кој се оспорува со тужбата -Упатство на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не е поединечен управен акт на јавен орган во смисла на член 4 став 1 точка 6 од Законот за управните спорови туку е општ правен акт кој содржи правни норми од појаснувачки карактер, чија цел е да ги упати субјектите на кои се однесува односно да ги насочи кон колку што е можно поправилно применување на одредбата од член 75-

ѓ став 1 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија бр.40/06... и 27/19, како и Службен весник на Република Северна Македонија бр.98/19... и 76/24).

Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот најде:

Тужбата е недозволена.

Согласно член 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни услуги(„Службен весник на Република Македонија “бр.184/2013...и 27/2019 како и Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20...и 193/24), Надлежен орган за работите што се предмет на овој закон е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги(во натамошниот текст: Агенцијата). Агенцијата е самостојно и независно непрофитно регулаторно тело со статус на правно лице со јавни овластувања.

Согласно член 55 став 2 од Законот за организација на органите на државната управа, Службен весник на Република Македонија бр.58/2000... и 51/2011, како и Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19... и 121/24, Директорот на самостојниот орган на државната управа, односно управната организација донесува правилници, решенија, наредби, упатства, планови, програми и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон.

Согласно член 56 став 3 од истиот Закон, Со упатство се пропишува начинот на постапување во извршувањето на одделни одредби на законите и други прописи.

Согласно член 3 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“бр.96/2019), во управен спор судот одлучува за законитоста на конечните поединечни управни акти кои директно влијаат на правниот статус на тужителот, односно со кои се решава за правата, обврските и правните интереси на тужителот.

Согласно член 4 став 1 точка 6 од истиот Закон, „управен акт“ е поединечен акт со кој јавниот орган одлучил за права, обврски и правни интереси на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и поединечен акт донесен во прекршочна постапка. Управните акти можат да бидат насловени како решение, одлука, наредба, лиценца, дозвола, забрана, одобрение, известување или други акти утврдени со закон

Согласно член 32 став 1 точка 5 од истиот Закон, Судот ќе ја отфрли тужбата со решение, доколку не се исполнети условите за водење на управен спор, односно се работи за управен предмет за кој не може да се води управен спор, актот кој се оспорува не е управен акт. Според став 2 на истиот член, од причините од ставот (1) на овој член, судот ќе ја отфрли тужбата во секој стадиум на постапката.

Согласно член 38 став 1 точка 3 од истиот Закон, Судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон одлучува по управниот спор без да одржи расправа само кога судот одлучува со решение, освен во случаите за времена мерка.

Имајќи ја во предвид тужбата со прилозите, одговорот на тужбата даден од тужениот орган како и цитираните законски одредби, Судот најде дека оспореното Упатство по својата правна природа не е управен акт во смисла на член 4 став 1 точка 6 од Законот за управните спорови и против истата не може да се води управен спор.

Во конкретниот случај сега тужениот орган во согласност со своите надлежности како јавен орган донел Упатство со кои го пропишува начинот на постапување во извршувањето на одделни одредби од Изборниот законик.Имено, со оспореното Упатство за радиодифузерите за локалните избори 2025 година под бр.01-4137/1 од 26.09.2025 година, донесено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се појаснува начинот на примена на одредбите од Изборниот законик за распределба на времето за платено политичко рекламирање, распределба на времето во вестите кај Јавниот радиодифузен сервис, бесплатното политичко претставување на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република С. М. и за обезбедување пристапност на содржините за изборниот процес за Изборите за членови на советите на општините и советот на градот С. и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот С..

Наведеното оспорено Упатство, по својата правна природа не претставува поединечен управен акт**,** туку општ акт со нормативен и појаснувачки карактер**,** со кој се даваат насоки и толкувања за примена на законски одредби односно во конкретниот случај одредбите од Изборниот законик. Ваквите акти се општи по важност и дејство и се однесуваат на поголем број на субјекти**.**

Од содржината на цитираните одредби од Законот за управните спорови, произлегува дека за да може еден управен акт да биде предмет на управен спор, треба да се исполнети повеќе услови: истиот пред се треба да биде индивидуален, конкретен, а не општ акт на управата, тој акт да е донесен во некоја управна постапка со која се решава за права и обврски на поединец или правно лице, да ги има особините на управен акт и да е конечен во управната постапка.

Со оглед дека со оспореното Упатство не се решава за конкретно право или обврска на тужителот спроведена во управна постапка, туку само се даваат насоки за примената на законски одредби, Судот оцени дека не станува збор за управен акт против кој може да се води управен спор туку претставува општ акт донесен врз основа на законски овластувања на органот, поради што ја отфрли тужбата како недозволена, на нејавна седница согласно член 38 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови.

Имајќи предвид дека согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, во управен спор, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката, Судот

барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците во постапката, го одби како неосновано.

Врз основа на претходно наведеното, а согласно цитираните законски одредби, Судот донесе одлука како во изреката на решението.

РЕШЕНО ВО УПРАВЕН СУД на 06.10.2025 година под УРП.бр.83/2025.

Записничар- судски советник
Добрила Бришкоска Арсова

Претседател на совет-Судија
Рамије Цара

Решението да се достави до:
- полномошникот на тужителот
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Рамије Цара

НК/